**_ОПШТИНА КАРПОШ_**
**_ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ_**

**МКД**
СЕРТИФИКАТ
**МКС ISO 9001:2015**
**МКС ISO 14001:2015**
**МКС ISO 45001:2018**

Број: 11 – 535 /3
Датум 24 .01.2024
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), а во врска со дел од Програмата за активностите на Општина Карпош за 2024 година, Глава II Проектни активности, точка.7 Финансиска поддршка на проекти од областа на образованието („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 16/2023),и Одлуката за објавување на Оглас за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за 2024 година бр. 11-535/2 од 23.01.2024 година. Комисијата за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година, со број.09-8254/1 од 05.12.2023год, бр- 09-8254/21 од 26.12.2023год, бр.09-8254/23 од 29.12.2023година, бр. 09-26/1 од 03.01.2024год, бр- 09-26/19 од 04.01.2024год. објавува:

# О Г Л А С
## за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за 2024 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица регистрирани за дејности кои го опфаќаат образованието во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот со точна пресметка (административни и комуникациски трошоци, материјали за работа, хонорари со вклучен персонален данок)

**Правни лица:**

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот со точна пресметка (административни и комуникациски трошоци, материјали за работа, хонорари со вклучен персонален данок)

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; emilija.arsovska@karpos.gov.mk*

3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци
4. Портфолио

III. **Критериуми за доделување на финансиска поддршка:**
1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните/жителите на Општина Карпош
2. Проектот да предвидува активно вклучување на учениците, наставниците и стручните соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош или да е наменетза нив
3. Проектите да се однесуваат за теми од здравата животна средина, психо-социјалниот живот на учениците, промоција на добросостојба на учениците во семејството и училиштето, заштита од насилство, развивање на спортскиот дух, градење вештини кај наставниците и сл.

**IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање**

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**V. Начин на пријавување**

Документите можат да се достават по пошта на ул. „ Радика " бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај " и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2024 година ".

**VI. Рок за поднесување на документите**

-Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2024 година.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАРПОШ**

Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2024година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ